Истражување за јавното мислење:




# Практики за информирање, следење на актуелни случувања и перцепции за транспарентност на институциите

Институт за комуникациски студии

respublica

Истражување за јавното мислење:

# Практики за информирање, следење на актуелни случувања и перцепции за транспарентност на институциите

ноември, 2023

# Содржина


**Методологија** **5**

**Вовед** **6**

**Резултати од истражувањето** **9**

Извори на информирање 9

Интерес и информираност за актуелни теми 16

Перцепции околу информирањето за теми од јавен интерес 20

Перцепции во поглед на начинот на комуникација на државните институции со јавноста 24

Перцепции за отчетноста на државните органи 27

Доверба во институции 33

Споредба на одговори со анкетно истражување од 2022 година 35

**Социо-демографски карактеристики** **39**

**Анекс – анкетен прашалник** **41**

Прашалник за практиките на граѓаните за информирањето и нивните перцепции во поглед на транспарентноста на институциите 41

# Методологија

**Број на прашања:**

13

**Примерок:**

N=1000

(граѓани на возраст над 18 години на целата територија на државата)

**Метод:**

телефонска анкета

**Период на реализација на анкетата:**

20 октомври - 14 ноември, 2023 г.

**Статистичка грешка:**

±3%

# Вовед

Во извештајот се презентираат наодите од истражувањето на практиките на граѓаните за информирање, перцепциите и ставовите во врска со информирањето за тековни настани/процеси во државава, како и транспарентноста и отчетноста на државните институции. Истражувањето има за цел да добие сознанија за начинот на кој граѓаните се информираат и се справуваат со можни дезинформации, нивното ниво на интерес и задоволство од споделените информации за важни случувања во државава, довербата во институциите и нивните перцепции во врска со транспарентноста и отчетноста на државните органи. Истражувањето е дел од проектот **Користи факти** којшто го спроведува Институтот за комуникациски студии во периодот од 2022 до 2025 година со поддршка од Британската амбасада во Скопје. Проектот има за цел да ја зајакне отпорноста на широката јавност и ранливите групи во Северна Македонија кон дезинформации. Станува збор за второ анкетно истражување коешто е реализирано како дел од проектот, што овозможува споредба на одговорите на учесниците за одредени прашања.

Анкетното истражување беше спроведено на репрезентативен примерок од 1000 учесници – граѓани на Република Северна Македонија на возраст над 18 години од сите региони од државата. Методот на собирање податоци беше телефонска анкета. Податоците беа собрани во периодот 20 октомври – 14 ноември, 2023 година.

Од истражувањето може да се заклучи дека телевизијата и социјалните медиуми претставуваат главен извор на информации за граѓаните. Ова е консеквентно со одговорите на учесниците во рамките на анкетното истражување спроведено во 2022 година. Телевизијата останува доминантен медиум меѓу повозрасните учесници и учесниците што живеат во рурални средини. Постои недоверба кон содржините што се пласираат на медиумите, па мнозинството учесници (56%), изјавува дека се сомнева во сѐ што се објавува на медиумите. И овде се забележа консеквентност со одговорите собрани во рамките на анкетата од 2022 година, каде 54% од учесниците изразиле сомнеж во сите содржини

објавени во медиумите. Иако постои генерален сомнеж кон содржините објавени во медиумите, релативно низок процент од учесниците практикуваат да ја проверуваат веродостојноста и точноста на вестите што ги читаат. Имено, повеќе од третина од сите учесници не го проверува издавачот/објавувачот на веста, а повеќе од половина никогаш не проверува дали веста има потпишан автор. Почесто, пак, учесниците проверуваат како други медиуми известуваат за веста и се советуваат со лица кои ги сметаат за познавачи на темата. Повеќе од две третини од учесниците изјавуваат дека секогаш или понекогаш можат да препознаат дали некоја вест е лажна или е дезинформација, додека 45% сметаат дека никогаш не споделиле неточна вест. Ова е значително повисоко од одговорите на учесниците во анкетата од 2022 година, кога 33% одговориле дека сметаат дека никогаш не споделиле неточна вест.

Генерално, релативно висок процент од учесниците никогаш не следат информации за различни актуелни случувања, како концесијата на рудници во Струмичко (никогаш не следат 42% од учесниците), измените на Кривичниот законик (32%), уставните измени (29%), како и договорот меѓу Владата и компанијата Бехтел-Енка за изградба на автопати (28%). Учесниците сметаат дека се споделуваат малку информации за овие случувања од страна на државните институции, а ниско е и задоволството од редовноста, достапноста, јасноста и разбирливоста на информациите. Повеќе од две третини од учесници сметаат дека комуникацијата на државните институции не се има променето во споредба со последните години или дека е влошена во поглед на заснованоста врз факти.

Учесниците сметаа дека често има изговори за владините функционери кои се однесуваат несоодветно и, генерално, не сметаат дека Владата работи отворено и етички. Висок процент од учесниците сметаат дека Владата не ги почитува демократските институции на државата. Во поглед на Собранието, огромен број од учесниците сметаат дека пратениците не се грижат за граѓаните што ги претставуваат и не носат политики што се во јавен интерес. Исто така, огромен број од учесниците сметаат дека Јавното обвинителство не започнува редовно постапки по допрен глас, дека обвиненијата не добиваат судска разрешница и дека јавноста не е информирана за текот на постапките.

Во врска со довербата кон институциите од одговорите на учесниците може да се заклучи дека таа се движи од ниска кон умерена, и притоа нема институција која ужива висока доверба кај учесниците. Институција со највисока доверба кај граѓаните е армијата, по која следуваат верските заедници. Меѓународните организации и сојузи, како Обединетите нации, НАТО и ЕУ уживаат умерена доверба од учесниците. Полицијата, локалната власт и Претседателот на државата се институции на државата кои уживаат умерена доверба. Медиумите и невладините организации, исто така, можат да се вбројат во листата на институции во кои учесниците уживаат ниска до умерена доверба. Владата, Собранието, политичките партии, Јавното обвинителство и судовите се институции во кои граѓаните имаат најниска доверба.

Главните разлики во поглед на социо-демографските карактеристики на учесниците се појавија во поглед на возраста, етничката припадност и нивото на образование. Во одредени случаи беа нотирани разлики и според пол, регион и тип на место на живеење (урбано/рурално). Помладите учесници, генерално, помалку следат актуелни настани, повеќе се информираат од социјални медиуми и портали и покажуваат малку повисоко ниво на доверба во однос на повозрасните учесници. Учесниците Албанци, генерално, имаат нешто попозитивен став во поглед на работата на Владата, Собранието и судството и покажуваат повисоко ниво на доверба во однос на речиси сите истражувани институции. Низ речиси сите прашања се забележува тренд на раст на интересот за одредени теми, за проверка на веродостојноста и точноста на вестите, како и во поглед на довербата во одредени институции во корелација со растот на образовното ниво на учесниците.

# Резултати од истражувањето

## Извори на информирање

Првиот блок прашања имаше за цел да ги идентификува главните извори од кои граѓаните добиваат информации за случувањата во државата и светот. На прашањето „Од каде најчесто добивате информации за случувањата во државата и во светот?“ учесниците имаа можност да изберат повеќе опции. **Најчести извори на информации за учесниците се телевизијата (66,2%) и социјалните медиуми (57,3%); значително понизок процент се информираат преку онлајн агрегати на вести како Time.mk (19,7%) и веб-страници (20%). Нешто повеќе од 10% информациите ги добиваат од пријатели и познаници, додека весниците (6,4%) и радиото (5,8%) се извор на информации за најнизок процент од учесниците.** Не се покажаа значајни разлики според полот на учесниците, со исклучок на радиото, кое мажите почесто го користат за информирање од жените. Телевизијата е доминантен извор на информации за учесниците од возрасните групи 45-54 (64%), 55-64 (85%) и над 65 години (90%). Социјалните медиуми, пак, се главен извор на информации за учесниците од помладите возрасни групи 18-24 (76%), 25-34 (78%) и 35-44 (69%).

Телевизијата, како извор на информации, е помалку користена од учесниците од Скопскиот Регион (58%) во споредба со другите региони, во кои над две третини од учесниците се информираат од телевизија. Веб-страниците се почест извор на информации кај повеќе од четвртина од учесниците од Југоисточниот (26%), Полошкиот (24%), Скопскиот (23%) и Североисточниот Регион (22%) во споредба со учесниците од другите региони, каде што овој процент е значително понизок.

Новите медиуми, како: социјалните мрежи, агрегатите на вести, веб-страниците; но и информациите од колеги и пријатели се значително почесто користени од учесниците од урбаните во споредба со учесниците од руралните средини.

Телевизијата многу почесто е наведена како извор на информации кај учесниците со завршено основно образование (82%) и средно образование (68%) во споредба со учесниците со повисоки нивоа на образование; од друга страна, учесниците со високо образование (62%) и повисоки нивоа на високо образование (73%) доминантно ги користат социјалните медиуми како извор на информации. Конечно, колегите и/или пријателите се значително означаен извор на информации за учесниците кои немаат образование/незавршено основно образование (31%) во споредба со учениците од сите други образовни категории, кај кои овој процент е значително понизок.

**П1. Од каде најчесто добивате информации за случувањата во државата и во светот?**




**Запрашани како проценуваат на кои информации може да им веруваат, мнозинството од учесниците изјавија дека „се сомневаат во сè што се објавува“ (55,6%); за разлика од нив, нешто помалку од третина од учесниците изјавиле дека претпоставуваат дека содржината е веродостојна бидејќи е објавена (30,1%). Околу 14% од учесниците одговориле дека веруваат дека сè што е објавено во медиумите е точно.**

Жените (17%) во повисок процент од мажите (11%) веруваат на информациите објавени во медиумите без преиспитување; мажите (60%), пак, значително повеќе се сомневаат во „сè што се објавува“ во споредба со жените (51%).

Најмладата група учесници, на возраст 18-24 години (22%), во повисок процент од повозрасните учесници 45-54 (11%) и 55-64 (10%) веруваат дека сè што е објавено е точно; од друга страна, повозрасните учесници од возрасните групи 55-64 (34%) и 65+ (33%) во повисок процент сметаат

дека тоа што го читаат е веродостојно затоа што е објавено, споредено со најмладите учесници 18-24 (21%).

Нема значајни разлики во одговорите на учесниците од различни региони ниту според типот на место на живеење (урбана/рурална средина). Нешто помалку од една третина, 31% од Македонците, претпоставуваат дека тоа што го читаат е веродостојно бидејќи е објавено, споредено со 25% од Албанците кои го споделуваат истото мислење; дополнително, 18% од Албанците одговориле дека не се сомневаат во точноста на тоа што го објавуваат медиумите, наспроти 14% од Македонците кои го споделуваат ова мислење.

**П2. Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?**




**Запрашани за практиките за проверка на точноста на информациите (проверка на издавачот/објавувачот на веста, дали е потпишан авторот на текстот, совет од некого што претпоставуваат дека има повеќе знаење од нив, проверување како веста е пренесена во други медиуми), повеќе од третина од учесниците (36,6%) одговориле дека никогаш не го проверуваат издавачот/објавувачот на веста, а само 17,7% редовно го практикуваат ова.**

Учесниците на возраст 45-54 години (64%) и 65+ (67%) во повисок процент ретко или никогаш не проверуваат кој е објавувач на веста во споредба со учесниците од возрасната група 35-44 (50%), од кои половина редовно или понекогаш го практикуваат ова.

Кога станува збор за разликите во одговорите на учесниците од различни региони, се издвоија учесниците од Источниот Регион, од кои 75% ретко или никогаш не проверуваат кој е објавувач/издавач на веста што ја читаат. Во поглед на разликите меѓу учесниците од урбани/рурални средини, учесниците од урбани средини во повисок процент понекогаш или редовно го проверуваат објавувачот (43%) во споредба со 36% од учесници од рурални средини.

Во поглед на етничката припадност - 42% од Македонците понекогаш или редовно го проверуваат издавачот/објавувачот во споредба со 30% од Албанците и 53% од учесниците од други етнички заедници. Само 13% од учесниците без комплетирано основно образование и 23% со основно образование проверуваат кој ја објавува веста, споредено со 51% од учесниците со завршен факултет/виша школа или 67% од учесниците со магистратура или повисоко образование.

**П3.1. Го проверувам издавачот / објавувачот на веста**

| | |
|---|---|
| Секогаш | 17.65% |
| Понекогаш | 22.65% |
| Ретко | 23.11% |
| Никогаш | 36.59% |

**Нешто помалку од половина од сите учесници во анкетата – 43,2% никогаш не проверуваат дали е потпишан авторот на текстот на веста што ја читаат.** Жените (37%) нешто почесто практикуваат проверка на тоа дали веста е потпишана од авторот во споредба со мажите (29%). Не се појавија значајни разлики според возраста на учесниците. Учесниците од Скопскиот Регион (39%) во повисок процент понекогаш или редовно проверуваат дали на веста е потпишан автор во споредба со учесниците од Југозападниот (24%) и Источниот Регион (25%). Учесниците од урбани средини (37%) во повисок процент практикуваат повремено или редовно проверување на авторот на веста во споредба со учесниците од рурални средини (27%). Анализата на податоците според етничката припадност покажа дека 36% од Македонците понекогаш или секогаш проверуваат дали е потпишан авторот на веста во споредба со 23% од Албанците и 39% од учесниците од други етнички заедници. Учесниците со повисок степен на образование – завршен факултет (44%), завршена магистратура или повисоко образование (59%) во значително повисок процент понекогаш или редовно проверуваат авторство на вестите што ги читаат, во споредба со учесниците со основно образование (16%) и незавршено основно образование и средно образование (29%).

**П3.2. Проверувам дали е потпишан авторот на текстот**

| | |
|---|---|
| Секогаш | 14.15% |
| Понекогаш | 18.99% |
| Ретко | 23.61% |
| Никогаш | 43.24% |

**Совет од „некој што се разбира“ понекогаш или редовно бараат збирни 44% од сите учесници во анкетата, додека нешто повеќе од третина од учесниците никогаш не го практикуваат ова.** Не се појавија разлики според полот и возраста на учесниците. Ова најмалку се практикува меѓу учесниците од Југоисточниот (36%) и Пелагонискиот (37%) Регион, каде нешто повеќе од третина изјавиле дека понекогаш или редовно се советуваат со некој што сметаат дека има повеќе знаење за темата. Речиси половина од Македонците, 39% од Албанците и 51% од учесниците од други етнички заедници понекогаш или редовно се консултираат со друго лице околу точноста на вестите што ги читаат. Половина од учесниците со факултетско образование и 48% со магистратура или повисок степен на образование понекогаш или редовно се советуваат со други лица, наспроти 42% од учесниците со завршено средно образование и 40% со завршено основно образование.

**П3.3. Се советувам со некој што се разбира**

| | |
|---|---|
| Секогаш | 14.84% |
| Понекогаш | 29.10% |
| Ретко | 20.79% |
| Никогаш | 35.28% |

**Нешто повеќе од половина (кумулативно) од учесниците во анкетата проверуваат како веста е пренесена на други медиуми.** Не се појавија значителни разлики според полот на учесниците. Според возраста, 57% од учесниците на возраст 35-44 години, како и 56% од учесниците на возраст 55-64 и 58% на возраст 65 и повеќе години понекогаш или секогаш проверуваат како другите медиуми ја пренесуваат веста, што е повисок процент од оној на помладите учесници, меѓу кои помалку од половина (48%) понекогаш или секогаш го практикуваат ова. Анализата на одговорите според етничката припадност покажа дека 54% од Македонците проверуваат како другите медиуми ја пренесуваат веста,

за разлика од 46% од Албанците и 57% од учесниците од други етнички заедници. Кога одговорите се разгледуваат според образовното ниво на учесниците, може да се утврди дека учесниците со завршени додипломски студии (64%) и магистратура или повисоко образование (69%) во значително повисок процент практикуваат повремена или редовна проверка на тоа како другите медиуми известуваат за веста во споредба со учесниците со средно (48%), основно (40%) и незавршено основно образование.

**П3.4. Проверувам дали и како е пренесена веста во други медиуми**

| | |
|---|---|
| Секогаш | 27.58% |
| Понекогаш | 24.78% |
| Ретко | 19.15% |
| Никогаш | 28.49% |

Следното прашање се однесуваше на самооценката во врска со способноста на учесниците да препознаат кога некоја вест е дезинформација. **Повеќе од две третини (кумулативни 67,1%) од учесниците во истражувањето сметаат дека повремено или редовно можат да препознаат дали некоја вест е дезинформација.** Според полот - 38% од мажите изјавиле дека секогаш можат да препознаат дезинформации, за разлика од 26% од жените. Учесниците од возрасните групи 25-34 (кумулативни 74%) и 35-44 години (кумулативни 74%) во повисок процент од другите возрасни групи сметаат дека повремено или редовно можат да препознаат дезинформација. Учесниците од Источниот Регион (кумулативни 58%) помалку од учесниците од другите региони (каде речиси две третини или повеќе ги избрале овие одговори) изјавиле дека редовно или понекогаш можат да препознаат дезинформација.

Според етничката припадност - 71% од Македонците сметаат дека повремено или редовно можат да препознаат кога некоја вест е дезинформација, за разлика од 59% од Албанците и 63% од учесниците од други етнички групи кои го изјавиле истото. Повеќе од 80% од учесниците со завршен факултет и повисоко образование изјавиле дека повремено или секогаш можат да препознаат дезинформации, за разлика од учесниците со понизок образовен статус, кои во значително понизок процент го дале истиот одговор.

**П4. Дали сметате дека вие лично можете да препознаете кога некоја вест е лажна или е дезинформација?**

| | |
|---|---|
| Да, секогаш | 31.98% |
| Понекогаш | 35.16% |
| Ретко | 18.93% |
| Не можам | 11.31% |
| Не знам/Нема одговор | 2.62% |

**Високи 41% од учесниците во истражувањето одговориле дека понекогаш споделиле вести кои подоцна се покажале неточни; еднакво високи 45,7% од учесниците изјавиле дека никогаш не им се случило да споделат неточна вест; само нешто помалку од 8% од учесниците изјавиле дека често им се случува да споделат неточна вест.** Мажите (10%) во повисок процент од жените (6%) изјавиле дека често им се случува да споделат неточни вести.

Учесниците од возрасните групи 18-24 и 45-54 години во повисок процент во споредба со другите возрасни групи одговориле дека им се случува понекогаш или често да споделат неточна вест; за споредба, околу половина од учесниците од возрасните групи 25-34, 55-54 и 65+ одговориле дека никогаш не им се случило да споделат неточна вест.

Учесниците од Југозападниот и Пелагонискиот Регион во повисок процент изјавиле дека им се случило понекогаш или често да споделат неточна вест, за разлика од учесниците од Источниот Регион, од кои повеќе од половина изјавиле дека никогаш не биле во таква ситуација.

Разгледувањето на одговорите според образовното ниво на учесниците покажа дека процентот на учесници кои изјавиле дека никогаш не споделиле неточна вест расте правопропорционално со нивото на образование.

**П5. Колку често Ви се случувало да споделите информации за кои подоцна сте откриле дека се неточни?**

| | |
|---|---|
| Често | 7.70% |
| Понекогаш | 41.04% |
| Никогаш | 45.68% |
| Не знам / нема одговор | 5.58% |

## Интерес и информираност за актуелни теми

Во следниот блок прашања учесниците во анкетата беа прашани за тоа колку следат вести/информации на актуелни теми во државата (случајот со концесијата на рудници во „Иловица-Штука“, измените на Кривичниот законик, уставните измени како резултат на договорот со Бугарија, договорот со Бехтел-Енка за изградба на автопати во рамките на Коридор 8).

**Прашани дали и колку следат информации за случајот со концесијата на Еуромакс за рудниците „Иловица-Штука“ во Струмичко, нешто помалку од половина од учесниците (42,4%) изјавиле дека никогаш не следат/не се заинтересирани за темата; дополнителни 43% понекогаш или ретко, а околу 15% редовно следат информации за темата**. Според полот се појавија извесни разлики, т.е. 18% од мажите изјавиле дека редовно се информираат за темата, наспроти 12% од жените.

Учесниците од повозрасните групи, особено учесниците на возраст над 65 години (28%), во повисок процент изјавиле дека редовно следат вести за овој случај. Од друга страна, повеќе од половина од учесниците на возраст 18-24, 25-34 и 35-44 години возраст никогаш не следат вести за оваа тема.

Во врска со ова прашање местото на живеење се покажа како важен фактор; имено, учесниците од Југоисточниот и Вардарскиот Регион во значително повисок процент (нешто помалку од половина од учесниците) често или понекогаш следат вести поврзани со оваа тема; за споредба, повеќе од 70% од учесниците од Југозападниот, Полошкиот, Пелагонискиот и Североисточниот Регион никогаш или ретко следат вести поврзани со оваа тема.

Од аспект на етничката припадност - 39% од Македонците изјавиле дека редовно или понекогаш следат вести поврзани со оваа тема, за разлика од 20% од учесниците Албанци и 29% од учесниците од други заедници.

Според образованието - околу 40% од учесниците со завршен факултет или повисоко образовно ниво редовно или понекогаш следат вести за концесиите со рудниците во Струмичко, додека само 20% од учесниците со основно образование и 10% од учесниците без завршено основно образование го изјавиле ова.

**П6.1. Случајот со концесијата на Еуромакс за рудниците „Иловица-Штука“ во Струмичко**




**Запрашани дали и колку често ги следеле вестите во врска со неодамнешните измени на Кривичниот законик, нешто повеќе од четвртина (26,5%) од учесниците изјавиле дека редовно следат вести и се информираат; дополнителна четвртина (24%) изјавиле дека понекогаш следат информации поврзани со темата. Нешто помалку од третина од учесниците (31,5%) изјавиле дека никогаш не следат/ не се заинтересирани за вести на оваа тема.**

И во овој случај се забележува дека учесниците од возрасните групи 55-64 (59%) и над 65 години (68%) изјавиле дека редовно или понекогаш се информираат за вести поврзани со темата, за разлика од учесниците од најмладите возрасни групи кои во значително понизок процент (помалку од половина до една третина) го изјавиле истото. Имено, 34% од учесниците на возраст 18-24 години, 41% од групата 25-34 години, 46% од групата 35-44 години и 42% на возраст 45-54 години редовно или повремено следат вести за измените на Кривичниот законик.

Од аспект на регионот каде што живеат се издвоија учесниците од Вардарскиот Регион, меѓу кои 62% изјавија дека редовно или понекогаш следат информации за измените на Кривичниот законик; за споредба, само 40% од учесниците од Пелагонискиот Регион, 45% од Југоисточниот и 48% од Полошкиот Регион го изјавиле истото. Од аспект на местото на живеење (урбана/рурална средина) 55% од учесниците од рурални средини изјавиле дека редовно или понекогаш следат вести поврзани со оваа тема, за разлика од 48% од учесниците од урбани средини.

Повеќе од половина од учесниците Македонци (53%) редовно или понекогаш следеле вести за измените на Кривичниот законик, за разлика од 46% од Албанците и 45% од учесниците од други етнички заедници. Повеќе од половина од учесниците кои завршиле средно образование или повисоко образовно ниво изјавиле дека редовно или повремено следеле вести околу измените на Кривичниот законик.

**П6.2. Неодамнешните измени на Кривичниот законик**




**Кога станува збор за уставните измени за вклучување на бугарската заедница во Преамбулата, повеќе од половина од учесниците (кумулативни 53%) изјавиле дека редовно или повремено следат информации за овие вести; 28,6% од учесниците изјавиле дека никогаш не следат/не се заинтересирани, додека 18,8% ретко се информираат за вести поврзани со оваа тема.**

Учесниците од возрасните групи 55-64 (62%) и над 65 години возраст (76%) во значително повисок процент изјавиле дека редовно или повремено следат вести во врска со уставните измени; за споредба 40% од учесниците од возрасната група 18-24 и 37% од оние на возраст 25-34 години го изјавиле истото. Дополнително, 40% од учесниците на возраст 18-24 и 25-34 изјавиле дека никогаш не следат/не се заинтересирани за вести поврзани со оваа тема.

Согласно регионот на живеење, 43% од учесниците од Полошкиот Регион, 48% од Пелагонискиот и Југозападниот Регион редовно или често следат вести за уставните измени, наспроти значително повисоките 60% од учесниците од Североисточниот Регион кои дале ист одговор.

Според етничката припадност - 57% од учесниците Македонци, 43% од Албанците и 49% од учесниците од други етнички групи изјавиле дека редовно или повремено следат вести за уставните измени. Се забележува тренд на раст на интересот за вестите за уставните измени правопропорционално со растот на нивото на образование, т.е. учесниците со завршено високо образование (63%) и повисоки образовни нивоа (57%) изјавиле дека редовно или повремено следат вести за уставните измени во споредба со учесниците со пониски нивоа на образование.

**П6.3. Измените на Уставот за вклучување на бугарската заедница во Преамбулата**

| | |
|---|---|
| Редовно следам и се информирам | 32.18% |
| Понекогаш следам информации | 20.51% |
| Ретко следам информации | 18.76% |
| Никогаш / не ме интересираат | 28.55% |

**Во поглед на договорот за изградбата на автопати склучен помеѓу Владата и компанијата Бехтел-Енка, повеќе од половина од учесниците во анкетата изјавиле дека редовно или повремено следат вести за случувањата поврзани со оваа тема; 28,5% изјавиле дека никогаш не следеле/не се интересираат за вести за оваа тема.** Според поделбата по пол се покажа дека 31% од мажите, за разлика од 22% од жените изјавиле дека редовно следат вести за овој договор.

Меѓу учесниците од повозрасните групи постои поголем интерес за оваа тема, и неа редовно ја следат 30% од учесниците на возраст 55-64 и 43% од оние над 65 години, наспроти 37% од учесниците на возраст 25-34 години и 44% од оние меѓу 18-24 години кои никогаш не следат/не се интересираат за темата. Помалку од половина од учесниците на возраст 35-44 (47%) и 45-54 години (45%) изјавиле дека понекогаш или редовно не следат вести на оваа тема. Може да се констатира дека интересот и фреквенцијата на следење на вести за договорот помеѓу Владата и компанијата Бехтел-Енка расте со возраста на учесниците.

Според типот на место на живеење - 54% од учесниците што живеат во село редовно или повремено следат вести на оваа тема, за разлика од 47% од учесниците од град.

Анализата на одговорите според образовното ниво покажа дека 35% од учесниците што имаат завршен факултет и 42% од учесниците со повисоко образование редовно се информираат за договорот за изградба на автопатите, за разлика од значително пониските 23% од учесниците со средно образование и 15% од оние со завршено основно образование.

**П6.4. Потпишувањето на договорот помеѓу Владата и Бехтел-Енка за изградбата на автопати**

| | |
|---|---|
| Редовно следам и се информирам | 26.49% |
| Понекогаш следам информации | 23.56% |
| Ретко следам информации | 21.49% |
| Никогаш / не ме интересираат | 28.47% |

## Перцепции околу информирањето за теми од јавен интерес

По блокот прашања за интересот на учесниците за селектирани актуелни теми од јавен интерес, следуваше блок прашања за тоа колкаво е задоволството на граѓаните од информациите што се споделувани од надлежните институции во врска со посочените теми.

**Само 3,2% од учесниците сметаат дека се споделуваат сите информации за случајот со концесиите на рудниците „Иловица-Штука" во Струмичко; 34% сметаат дека се споделуваат малку информации, а 26,3% сметаат дека не се споделуваат информации. Висок процент од учесниците, над една третина (36%), не беа во можност да дадат информиран одговор за тоа колку се споделуваат информации за случајот со концесијата на рудници.**

Од учесниците на возраст над 65 години повеќе од третина (35%) сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации за случајот со концесијата на рудниците во Струмичко. Од друга страна, безмалку половина од учесниците на возраст 18-24 (48%) и 25-34 (46%) немаат став околу споделувањето информации од надлежните институции за овој случај. Во врска со ова прашање 29% од учесниците на возраст 35-44 и 19% на возраст 45-54 години сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации за овој случај; дополнително, 35% од учесниците на возраст 35-44 и 42% на возраст 45-54 години немаат дефиниран став за прашањето. Според регионот на живеење - 42% од учесниците од Пелагонискиот и 44% од учесниците од Полошкиот Регион, како и 40% од учесниците во урбани средини немаат став околу споделувањето информации од надлежните институции. Речиси 40% од учесниците Македонци и други етнички заедници сметаат дека се споделуваат малку информации за концесиите - за разлика од 45% од учесниците Албанци, меѓу кои 45% немаат став по ова прашање. Учесниците со пониско ниво на образование (завршено основно образование или помалку, средно образование) во значително повисок процент не се информирани/немаат став околу споделувањето информации од страна на надлежните институции во врска со овој случај.

**П7.1. Случајот со концесијата на Еуромакс за рудниците „Иловица-Штука“ во Струмичко**

| | |
|---|---|
| Се споделуваат сите информации | 3.17% |
| Се споделуваат малку информации | 34.01% |
| Не се споделуваат информации | 26.25% |
| Не знам / не следам / нема одговор | 36.56% |

**Само 5,6% од учесниците сметаат дека надлежните институции ги споделуваат сите информации за измените на Кривичниот законик; 40,2% сметаат дека се споделуваат малку информации, 24,6% сметаат дека не се споделуваат информации, а речиси 30% немаат сознанија/интерес околу споделувањето информации за овој случај.**

Повисок процент од мажите (28%) во споредба со жените (22%) сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации. И во поглед на ова прашање учесниците над 65 години возраст, повеќе од сите други возрасни групи – 35%, сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации за овој случај. Повторно 45% од 18-24 и 35% од 25-34 години немаат став/информации околу споделувањето информации за овој случај. Меѓу учесниците на возраст 35-44 години 7% сметаат дека се споделуваат сите информации, 41% сметаат дека се споделуваат малку информации, 27% сметаат дека не се споделуваат информации, а 25% немаат конкретен став во врска со прашањето. Во рамки на групата 45-54 години - 7% сметаат дека се споделуваат сите информации, 43% сметаат дека се споделуваат малку информации за измените на Кривичниот законик, 15% сметаат дека не се споделуваат информации, а 35% немаат дефиниран став за прашањето. Меѓу учесниците на возраст 55-64 години - 7% сметаат дека се споделуваат сите информации, 47% сметаат дека се споделуваат малку информации, 21% дека не се споделуваат информации, а 24% немаат став/сознанија за ова прашање.

Учесниците од Вардарскиот Регион, повеќе од учесниците од другите региони – 32%, сметаат дека не се споделуваат информации за измените на Кривичниот законик за разлика од учесниците од Југозападниот (19%) и Полошкиот Регион (18%), кои се согласуваат со ова тврдење. 35% од учесниците од Пелагонискиот Регион, повеќе од сите други региони, немаат став/информации околу споделувањето информации од надлежните институции за овој случај. Повисок процент од учесниците што живеат во град (33%) немаат став околу споделувањето

информации од надлежните институции, за разлика од оние што живеат во село (25%). Повисок процент од учесниците со завршено високо и повисоко образование сметаат дека надлежните институции споделуваат информации до одреден степен и понизок процент од оваа група не се информирани или немаат интерес за информациите за оваа тема.

**П7.2. Неодамнешните измени на Кривичниот законик**




**Во контекст на уставните измени, 6,8% од сите учесници сметаа дека надлежните институции ги споделуваат сите информации за овој процес; 37,2% сметаат дека се споделуваат малку информации, додека 26,8% сметаат дека не се споделуваат информации. Дополнителни 29,3% не се информирани/немаат интерес за информациите за оваа тема.** Учесниците над 65-годишна возраст, повеќе од сите други возрасни групи – 35%, сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации за овој случај; 42% од 18-24 и 36% од 25-34 години возраст, како и 34% од учесниците на возраст 45-54 немаат став/информации во врска со споделувањето информации за овој случај.

Според регионот на живеење - 14% од учесниците од Североисточниот Регион сметаат дека се споделуваат сите информации за уставните измени; 45% од учесниците од Полошкиот Регион сметаат дека се споделуваат малку информации; 34% од Пелагонискиот Регион немаат став/интерес за информациите од надлежните институции поврзани со оваа тема. Дополнително, 43% од жителите на рурални средини сметаат дека се споделуваат малку информации споредено со учесниците од урбаните средини, меѓу кои 34% го споделуваат овој став. Дополнително, 32% од жителите на урбани средини немаат став/информации околу односот на надлежните во информирање на јавноста, за разлика од 24% од жителите на рурални средини кои дале ист одговор.

Повисок процент на учесници Албанци (35%) споредено со Македонците (27%) и другите етнички заедници (29%) немаат став во врска со споделувањето информации од надлежните институции. Повторно

повисок процент од учесниците со завршено високо и повисоко образование сметаат дека надлежните институции споделуваат информации до одреден степен и понизок процент од оваа група не се информирани или немаат интерес за информациите на оваа тема.

**П7.3. Измените на Уставот во насока на вклучување на бугарската заедница во Преамбулата**




**Помалку од 5% од учесниците сметаат дека Владата ги споделува сите информации околу потпишувањето на договорот за изградба на автопати со компанијата Бехтел-Енка; третина (33,8%) смета дека се споделуваат малку информации; дополнителни 31,8% сметаат дека не се споделуваат информации, додека 29,6% немаат став/интерес за ова прашање.**

Мажите (36%) во повисок процент од жените (28%) сметаат дека Владата не споделува информации за овој случај. Учесниците над 65-годишна возраст, повеќе од сите други возрасни групи – 41%, сметаат дека надлежните институции не споделуваат информации за овој случај; 43% од 18-24 и 34% од 25-34 години возраст; возрасната група учесници 45-54 години во повисок процент во споредба со другите возрасни групи (37%) не се информирани/заинтересирани/немаат став околу споделувањето информации за овој случај.

Според типот на местото на живеење - 32% од учесниците од градски средини, за разлика од 25% учесници од села, немаат информации/ интерес околу информирање за договорот за изградба на автопатите. Одговорите според етничката припадност покажаа дека 34% Македонци сметаат дека не се споделуваат информации од надлежните институции за случајот Бехтел-Енка; овој став го делат 26% Албанци и 31% од другите етнички заедници. 35% од учесниците Албанци немаат став/интерес околу информирање на оваа тема, за разлика од 28% Македонци и 27% од другите етнички заедници.

Повторно повисок процент од учесниците со завршено високо и повисоко образование сметаат дека надлежните институции

споделуваат информации до одреден степен и понизок процент од оваа група не се информирани или немаат интерес за информациите на оваа тема.

**П7.4. Потпишувањето на договорот помеѓу Владата и Бехтел-Енка за изградбата на автопати**

| | |
|---|---|
| Се споделуваат сите информации | 4.81% |
| Се споделуваат малку информации | 33.80% |
| Не се споделуваат информации | 31.84% |
| Не знам / не следам / нема одговор | 29.56% |

## Перцепции во поглед на начинот на комуникација на државните институции со јавноста

Следниот блок прашања се однесуваше на перцепциите на учесниците за фреквенцијата, достапноста, јасноста и разбирливоста на информациите што ги споделуваат државните институции.

**Само 3,2% од испитаниците сметаа дека јавните институции редовно споделуваат информации; од друга страна, 21,4% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Просечната вредност на одговорите изнесува 3,6 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. Повозрасните учесници, генерално, помалку се согласуваат со тврдењето дека надлежните институции редовно споделуваат информации. Учесниците од Источниот Регион во повисок процент не се согласуваат со ова тврдење (64%) во споредба со другите региони, додека учесниците од Југоисточниот (збирни 15%), Полошкиот (17%) и Пелагонискиот Регион (14%) во повисок процент сметаат дека јавните институции редовно споделуваат информации.

**П8.1. Информациите што се споделуваат од јавните институции се редовни**

| | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 3.23% |
| Се согласувам | 8.85% |
| Ниту се согласувам ниту не се согласувам | 32.12% |
| Не се согласувам | 34.35% |
| Воопшто не се согласувам | 21.44% |

**Само 3,7% од учесниците целосно се согласуваат со тврдењето дека информациите што ги споделуваат јавните институции се достапни; 21,6% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Просечната вредност на одговорите изнесува 3,6 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. По ова прашање се издвои најмладата група учесници на возраст 18-24, кои во повисок процент од другите возрасни групи – 67%, не се согласуваат дека информациите што ги споделуваат јавните институции се достапни. Не се појавија други позначајни разлики во поглед на останатите социо-демографски карактеристики на учесниците.

**П8.2. Информациите што се споделуваат од јавните институции се достапни**




**Како и во случајот на претходното прашање, 3,5% од учесниците во потполност се согласуваат со тврдењето дека информациите што ги објавуваат јавните институции се јасни; за разлика од нив, 22,2% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Просечната вредност на одговорите изнесува 3,6 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. По ова прашање се издвои најмладата група учесници на возраст 18-24 (63%) и највозрасната група учесници над 65 години возраст (59%), кои во повисок процент од другите возрасни групи не се согласуваат со ова тврдење. Во поглед на ова прашање се издвоија учесниците со завршени повисоки степени на универзитетско образование, кои повеќе од другите групи се согласуваат со тврдењето дека информациите што се споделуваат од јавните институции се јасни; за споредба - само 10% од учесниците со основно образование и 15% од оние со завршено средно образование го споделуваат овој став.

**П8.3. Информациите што се споделуваат од јавните институции се јасни**




**Само 4,1% од учесниците во истражување потполно се согласуваат со тврдењето дека информациите што ги споделуваат јавните институции се разбирливи; од друга страна, 23% воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Просечната вредност на одговорите изнесува 3,6 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. Учесниците од возрасната група 25-34 години во нешто повисок процент се согласуваат со тврдењето дека информациите се разбирливи споредено со другите возрасни групи. Според регионот на живеење се издвоија учесниците од Полошкиот Регион, кои во нешто повисок степен се согласуваат со тврдењето дека овие информации се разбирливи. Учесниците со образовно ниво на постдипломски или повисоки студии во повисок процент се согласуваат дека информациите од јавните институции се разбирливи споредено со сите други образовни групи.

**П8.4. Информациите што се споделуваат од јавните институции се разбирливи**




**Запрашани колку сметаат дека комуникацијата на јавните институции со граѓаните е базирана врз факти, најголем дел од учесниците – 42,5%, сметаат дека се нема променето во споредба со претходните години; 37% сметаат дека комуникацијата во последните години е помалку базирана врз факти, додека само 8,6% сметаат дека повеќе се базира на факти.** Меѓу највозрасната група учесници (65+) повисок процент сметаат дека јавната комуникација е помалку базирана

врз факти, додека во рамки на возрасната група 25-34 мнозинството учесници смета дека се нема променето. Учесниците со завршено високо и повисоки нивоа на образование во повисок процент сметаат дека јавната комуникација е базирана врз факти.

**П9. Во последните неколку години, колку комуникацијата од јавните институции до граѓаните е базирана врз факти:**

| | |
|---|---|
| Повеќе е базирана врз факти | 8.59% |
| Помалку е базирана врз факти | 36.98% |
| Не се има променето | 42.53% |
| Не знам / без одговор | 11.90% |

## Перцепции за отчетноста на државните органи

Следната група прашања се однесуваше на перцепциите на учесниците во поглед на отчетноста на државните органи. **Запрашани колку се согласуваат или не се согласуваат со тврдењето дека Владата често има изговори за партиските функционери кои се однесуваат несоодветно, една четвртина од учесниците во истражувањето потполно се согласува со ова тврдење, при што просечната оценка на одговорите изнесува 2,9 на скала 1 – 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам.**

Најмладата возрасна група учесници (18-24) во повисок степен не се согласува со ова тврдење; од друга страна, речиси половина од учесниците од возрасните групи 35-44, 45-54 и над 65 години возраст се согласуваат во одреден степен со тврдењето дека често има изговори за партиските функционери кои се однесуваат несоодветно. Според регионот на живеење - 48% од учесниците од Југоисточниот Регион, 53% од учесниците од Североисточниот Регион и 46% од Скопскиот Регион се согласуваат дека често има изговори за партиските функционери што не се однесуваат соодветно; за разлика од нив, само 33% од учесниците од Југозападниот Регион се согласуваат со ова тврдење.

Анализата на одговорите според етничката припадност покажа дека 47% од Македонците, за разлика од 38% од Албанците и 40% од учесниците од други заедници се согласуваат со тврдењето. Се забележа тенденција на раст на согласноста со тврдењето проследена со растот на образовното ниво на учесниците.

**П10.1. Често има изговори за партиските функционери кои се однесуваат несоодветно**

| | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 24.95% |
| Се согласувам | 19.30% |
| Ниту се согласувам ниту не се согласувам | 17.28% |
| Не се согласувам | 18.98% |
| Вооопшто не се согласувам | 19.49% |

**Само 2,5% од учесниците во истражувањето потполно се согласуваат со тврдењето дека Владата работи отворено и етички; повеќе од две третини од учесниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Просечната вредност на одговорите на учесниците изнесува 3,8 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. Учесниците на возраст 25-34 (15%) и 35-44 (16%) повеќе од другите возрасни групи изразиле согласност со тврдењето за отворено и чесно работење на Владата. За разлика од нив, 70% од учесниците на возраст 45-54 години и 72% од учесниците над 65 години возраст делумно или потполно не се согласуваат со ова тврдење. Учесниците од Полошкиот Регион (13%) повеќе од учесниците од сите други региони (8-11%) се согласуваат дека Владата работи отворено и етички.

**П10.2. Работи отворено и етички**

| | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 2.52% |
| Се согласувам | 7.74% |
| Ниту се согласувам ниту не се согласувам | 24.35% |
| Не се согласувам | 33.44% |
| Вооопшто не се согласувам | 31.95% |

**Само 2,9% од учесниците во истражувањето делумно или целосно се согласуваат со тврдењето дека Владата ги почитува демократските институции на државата.** Просечната вредност на одговорите на учесниците изнесува 3,8 на скала од 1 до 5, каде 1 означува потполно се согласувам, а 5 – воопшто не се согласувам. Две третини од учесниците не се согласуваат со ова тврдење. Групите учесници на возраст 18-24 (67%), 45-54 (66%) и над 65 години (70%) во повисок процент од другите возрасни групи не се согласуваат со ова тврдење. Од друга страна, учесниците од Полошкиот Регион (21%) во повисок процент од учесниците од сите други региони делумно или целосно се согласуваат

дека Владата ги почитува демократските институции во државата. Учесниците што живеат во град (66%) во повисок процент не се согласуваат со ова тврдење во споредба со оние што живеат во село (59%). Според етничката припадност - само 10% од Македонците, 16% и од Албанците и од учесниците од други етнички групи делумно или целосно се согласуваат со тврдењето дека Владата ги почитува демократските институции на државата.

Согласноста со тврдењето дека Владата ги почитува демократските институции на државата е нешто повисока меѓу учесниците со завршено средно (14%), високо (11%) и повисоко образование (16%). За споредба, ваква согласност е забележана кај само 5% од учесниците со основно образование или помалку.

**П10.3. Ги почитува демократските институции на државата**

| | |
|---|---|
| Потполно се согласувам | 2.88% |
| Се согласувам | 9.47% |
| Ниту се согласувам ниту не се согласувам | 24.44% |
| Не се согласувам | 30.19% |
| Воопшто не се согласувам | 33.02% |

Во рамките на следниот блок прашања се истражуваа перцепциите на учесниците во поглед на работата на пратениците во Собранието. **Помалку од 1% од сите учесници во истражувањето сметаат дека пратениците секогаш се грижат за граѓаните што ги претставуваат; дека тоа го прават понекогаш сметаат 12,1% од учениците; 28,6% сметаат дека тоа е ретко, додека 58,4% сметаат дека пратениците никогаш не се грижат за граѓаните.** Мислењето дека пратениците „никогаш“ не се грижат за граѓаните што ги претставуваат е повеќе застапено меѓу учесниците на возраст 55-64 (62%) и над 65 години (67%). Дека пратениците никогаш не ги застапуваат интересите на граѓаните сметаат и 72% од учесниците од Источниот Регион; имено, 94% од учесниците од Вардарскиот и 92% од Источниот Регион сметаат дека пратениците ретко или никогаш не се грижат за граѓаните. Од друга страна, нешто е повисок процентот на учесници од Скопскиот (15%), Североисточниот (16%) и Пелагонискиот Регион (16%) кои сметаат дека пратениците понекогаш или секогаш ги земаат предвид граѓаните при носењето одлуки.

Учесниците што живеат во село во повисок процент (90%) сметаат дека пратениците ретко или никогаш не ги земаат предвид потребите на граѓаните, за разлика од 85% од учесниците што живеат во град. Се забележува тренд на зголемување на согласноста со мислењето дека пратениците понекогаш или секогаш водат сметка за граѓаните што ги претставуваат проследен со растот на нивото на образование.

**П11.1. Се грижат за граѓаните што ги претставуваат**




**Само 2,89% од учесниците сметаат дека пратениците секогаш носат закони и политики што се во јавен интерес; 17,1% сметаат дека тоа е понекогаш; 29,8% дека е ретко, додека 50,2% сметаат дека пратениците никогаш не носат закони и политики што се во јавен интерес.** Учесниците во рамки на возрасните групи 55-64 и над 65 години повеќе од сите други групи сметаат дека пратениците никогаш не носат закони и политики од јавен интерес. Дури 87% од учесниците до Вардарскиот Регион сметаат дека ова се случува ретко или никогаш; од друга страна, 26% од учесниците од Североисточниот Регион, повеќе од сите други региони, сметаат дека пратениците понекогаш или често го прават ова. И во поглед на ова прашање се забележува тренд на зголемување на согласноста со мислењето дека пратениците понекогаш или секогаш водат сметка за граѓаните што ги претставуваат проследен со растот на нивото на образование.

**П11.2. Носат закони и политики што се во јавен интерес**




Следниот блок прашања се однесуваше на перцепциите на учесниците во поглед на казнивоста на дела за кои постои основано сомнение дека е сторен криминал. **На прашањето дали сметаат дека Јавното**

**обвинителство (ЈО) редовно започнува постапки по допрен глас, во целост или делумно се согласиле само 6,1% од учесниците во истражувањето, додека повеќе од две третини изразиле несогласување.** Просечната оценка на одговорите на учесниците е 4, на скала од 1 до 5, каде 1 е потполно се согласувам, а 5 воопшто не се согласувам. Над 70% од повозрасните категории учесници не се согласуваат или целосно не се согласуваат со ова тврдење. Само 1% од учесниците од Источниот регион се согласуваат или целосно се согласуваат со тврдењето дека ЈО редовно почнува постапки по допрен глас. Повисок процент од учесниците од Североисточниот (9%), Југозападниот (8%) и 7% од Скопскиот и Полошкиот Регион го делат ова мислење. Повисок процент од учесниците кои живеат во село (77%) не се согласуваат или целосно не се согласуваат со наведеното тврдење во споредба со оние што живеат во град (70%).

**П12.1. Јавното обвинителство редовно започнува постапки по допрен глас**




**Помалку од 1% од сите учесници во истражувањето во потполност се согласуваат со тврдењето дека обвиненијата покренати од ЈО редовно добиваат разрешница; кумулативниот процент на учесници кои изразиле согласност со ова тврдење е понизок од 5%.** Речиси 40% од учесниците воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Просечната оценка на одговорите на учесниците е 4,1 на скала од 1 до 5, каде 1 е потполно се согласувам, а 5 воопшто не се согласувам. Мажите (43%), во повисок процент од жените (36%), воопшто не се согласуваат со тврдењето дека обвиненијата добиваат судска разрешница. И во врска со ова прашање се покажа дека учесниците од повозрасните групи во повисок процент сметаат дека нема судска разрешница за покренатите обвиненија – над 40% воопшто не се согласуваат со тврдењето во прашањето.

Од аспект на регионалната припадност се издвоија учесниците од Вардарскиот (54%) и Југоисточниот Регион (50%) кои во значително повисок процент во споредба со учесниците од другите региони

воопшто не се согласуваат со тврдењето дека има редовна судска разрешница за покренатите обвиненија од страна на ЈО. За споредба, само 29% од учесниците од Југозападниот Регион го делат ова мислење.

Според етничката припадност - 44% од учесниците Македонци воопшто не се согласуваат со ова тврдење, споредено со 31% Албанци и 38% од другите етнички заедници. Се забележува тренд на зголемување на согласноста со мислењето дека пратениците понекогаш или секогаш водат сметка за граѓаните што ги претставуваат, проследен со растот на нивото на образование. Исклучок претставува групата со највисок образовен степен (магистратура, докторат или специјализација) чија просечна оценка на одговори е значително пониска и поблиска до просечната оценка на учесниците со завршено основно образование. Ова најмногу се должи на повисокиот процент учесници со овој степен на образование кои немаат дефиниран став или избрале понизок степен на согласување.

**П12.2. Обвиненијата покренати од Јавното обвинителство редовно добиваат судска разрешница**




**Само 1,7% од учесниците во истражувањето целосно се согласуваат со тврдењето дека јавноста е информирана за текот на судските постапки, а вкупниот процент на учесници кои се согласуваат со ова тврдење е 6,9%, додека над 70% од учесниците не се согласуваат или воопшто не се согласуваат со ова тврдење.** Жените (8%) во нешто повисок процент од мажите (5%) се согласуваат со тврдењето дека јавноста е информирана за текот на постапките. 76% од учесниците од Источниот Регион, во споредба со 61% од Југозападниот Регион не се согласуваат или во потполност не се согласуваат со тврдењето дека јавноста е информираната за текот на постапките.

**П12.3. Јавноста е информирана за текот на постапките**




## Доверба во институции

Последниот блок прашања се однесува на нивото на доверба на учесниците во институциите. Довербата беше испитувана во поглед на петнаесет институции во однос на кои учесниците го изразуваа нивото на доверба на скала од 1 до 10, каде 1 означува – воопшто немам доверба, а 10 – имам целосна доверба. Довербата во институциите е изразена како просечна вредност на одговорите на учесниците. Од одговорите може да се констатира дека нивото на доверба се движи од ниско кон умерено, при што нема институција која ужива висока доверба од учесниците.

**Институција со највисока доверба од граѓаните е армијата, со просечна оценка на довербата од 4,9; по неа следуваат верските заедници, за кои просечната оценка на доверба е 4.4. Ова се единствените две институции чија просечна оценка е над 4. Меѓународните организации и сојузи, како Обединетите нации (3,9), НАТО (3,8) и ЕУ (3,5) уживаат умерена доверба од учесниците. полицијата (3,8), локалната власт (3,7) и Претседателот на државата (3,5) се институции на државата кои уживаат умерена доверба. Медиумите (3,5) и невладините организации (3,5) исто така можат да се вбројат во листата на институции во кои учесниците уживаат ниска до умерена доверба. Владата (2,8), Собранието (2,7), политичките партии (2,5), Јавното обвинителство (2,5) и судовите (2,4) се институции во кои граѓаните имаат најниска доверба.**

Владата, Собранието и политичките партии се институции кон кои мажите имаат малку повисока доверба отколку жените. Со исклучок на армијата, за сите институции за кои се проверуваше нивото на доверба се појавува тренд на намалување на довербата со растот на возраста на

учесниците, односно помладите учесници покажуваат нешто повисока доверба во споредба со повозрасните.

Учесниците од Полошкиот Регион покажуваат повисоко просечно ниво на доверба кон сите институции (со исклучок на армијата) во споредба со сите други региони. Учесниците од Вардарскиот и Североисточниот Регион покажуваат повисока просечна доверба кон локалните власти, додека учесниците од Источниот Регион покажуваат повисока просечна доверба кон армијата.

Учесниците од село покажуваат повисока просечна доверба кон медиумите (4,0) во споредба со оние од град (3,6); Европската Унија (село – 3,8; град – 3,4), НАТО (село – 4,1; град – 3,6), верските заедници (село – 4,9; град – 4,1).

Учесниците Албанци покажуваат повисок степен на доверба кон поверќето институции што беа вклучени во истражувањето во споредба со Македонците: Владата (Албанци – 3,5, Македонци – 2,6), Собранието (Албанци – 3,5, Македонци – 2,4), политичките партии (Албанци – 2,9, Македонци – 2,4), Јавното обвинителство (Албанци – 3,0, Македонци – 2,3), судовите (Албанци – 3,0, Македонци – 2,3), невладините организации (Албанци – 3,8, Македонци – 3,3), Европската Унија (Албанци – 4,7, Македонци – 3,1), НАТО (Албанци – 5,0, Македонци – 3,4), ОН (Албанци – 4,6, Македонци – 3,6), Претседателот (Албанци – 4,5, Македонци – 3,2), верските заедници (Албанци – 4,9, Македонци – 4,2) и полицијата (Албанци – 4,4, Македонци – 3,7).

Постои тренд на зголемување на довербата кон одредени институции со растот на образовното ниво.

**Доверба (просечна вредност на одговори)**




## Споредба на одговори со анкетно истражување од 2022 година

Одговорите на учесниците за одреден блок прашања може да ги спопредиме со одговорите собрани во рамките на анкетното истражување од 2022 година. Ова пред сè се однесува на прашањата за преферираните медиуми за информирање, практиките на проверка на веродостојноста на информациите споделени од страна на медиумите, како и справувањето со дезинформациите. Заради методолошка јасност, дел од прашањата во прашалникот од 2023 г. беа модификувани и за нив споредбата може да се направи само посредно.

Едно од прашањата на кое одговараа учесниците во двете истражувања се однесува на идентификација на главните медиуми што ги користат за добивање информации. За ова прашање можна е делумна споредба бидејќи направена е модификација на можните одговори во анкетата[1].

1 Во анкетата од 2022 година учесниците давале одговори за повеќе поединечни социјални медиуми. Поради ниският процент на одговори за одредени социјални медиуми, а и во интерес на ефикасност на процесот на анкетирање, поединечните социјални медиуми се групирани во една категорија – социјални медиуми.

Имено, повеќе од две третини од учесниците во двете истражувања ја издвоиле телевизијата како медиум од кој добиваат информации. Во 2023 г. процентот на учесници што се информираат од социјални медиуми изнесува 57,3%; во 2022 г. 47% од учесници за информации го користеле Фејсбук, 14% Јутјуб, 7% Тикток, 3% Твитер (Икс) и 3% Инстаграм. Бидејќи и во двата случаи на прашањето учесниците имаа можност да дадат повеќе одговори, не може со прецизност да се утврди колкав е уделот на сите социјални медиуми во информирањето[2]. Нешто помалку од четвртина од учесниците (24%) во двете анкети изјавиле дека се информираат од веб-страници; користењето на портали/агрегати на вести се има зголемено од 11% во 2022 г. на 20% во 2023 година. Информации од пријатели или колеги добивале 7% од учесниците во 2022 година, споредено со 11% во 2023 година. Весници и радио користат 6% од учесниците во 2023 година, споредено со 3% весници и 5% радио за учесниците од 2022 година.

Следното прашање се однесува на односот на учесниците кон содржините што се пласирани во медиумите. И во овој случај можна е само посредна споредба на одговорите бидејќи во анкетата од 2023 г. прашањето беше поделено на две одделни прашања, со цел да добијат повеќе сознанија околу зачестеноста на одредени пракси за проверка на веродостојноста и точноста на информациите[3]. Во врска со прашањето „Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?“ 54% изјавиле дека се сомневаат во сè што се објавува; овој одговор го споделуваат 56% од учесниците во 2023 година. Значајно повеќе учесници – 30,1% во 2023 г. одговориле дека претпоставуваат дека тоа што го читаат „е веродостојно затоа што е објавено“, споредено со 14% од учесниците во 2022 г. кои го дале истиот одговор. Исто така, 14% од учесниците во 2023 г. изјавиле дека „не се сомневаат во вестите бидејќи сè што е објавено на медиумите е точно“, наспроти 4% од

2 Бидејќи еден учесник може да користи повеќе социјални медиуми како извори на информации.

3 Во анкетното истражување од 2022 на прашањето „Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?“, учесниците можеа да изберат еден или повеќе од следните можни одговори: претпоставувам дека тоа што го читам е веродостојно затоа што е објавено; не се сомневам бидејќи сè што е објавено на медиумите е точно; го проверувам издавачот на веста; проверувам дали е потпишан авторот на текстот; се советувам со некој што се разбира; се сомневам во сè што се објавува; проверувам дали и како е пренесена веста во други медиуми. Во 2023, прашањето е поделено на две одделни прашања при што односот кон веродостојноста на вестите е прво прашање, а праксите за проверка на точноста и веродостојноста се одделно прашање, на кое одговори се даваат на скала на зачестеност на праксата (секогаш, понекогаш, ретко, никогаш).

учесници во 2022 година коишто го избрале овој одговор. Потребно е повторно да се нагласи дека постојат методолошки разлики во реализацијата на анкетата и констатираните разлики треба да се земат со резерва.

Кога станува збор за практиките за проверка на веродостојноста на вестите, 18% од учесниците во анкетата од 2023 година секогаш, а 23% понекогаш го проверуваат објавувачот/издавачот на веста, споредено со 7% од учесниците кои изјавиле дека го практикуваат ова во 2022 г. Меѓу учесниците во анкетата во 2023 г. 14% секогаш, а 19% понекогаш проверуваат дали е потпишан авторот на текстот; во анкетното истражување од 2022 г., процентот на учесници кои дале ваков одговор е 6%. Совет од некој што сметаат дека знае повеќе на темата секогаш бараат 15% од учесниците во истражувањето во 2023 г., а понекогаш тоа го прават дополнителни 29%. Во рамки на истражувањето од 2022 г. процентот на учесници кои се советуваат со друго лице изнесува 16%. Нешто помалку од третина, 28% од учесниците во 2023 г., секогаш проверуваат како веста е објавена од страна на други медиуми; ова понекогаш го прават дополнителни 25%. За споредба, 30% од учесниците во истражувањето во 2022 г. проверувале како една вест ја пренесуваат повеќе медиуми. Потребно е и во поглед на овие одговори да се земе предвид методолошката резерва околу споредбата на податоците од двете анкети.

Следното прашање се однесува на самопроценката на учесниците за тоа дали можат да препознаат кога некоја вест е лажна или е дезинформација. Значајно повисок процент од учесниците во истражувањето од 2023 година – 32% изјавиле дека секогаш можат да препознаат лажна вест или дезинформација. За споредба, во 2022 година 22% од учесниците го дале овој одговор. Сепак, во 2022 г. повисок е процентот на учесници кои одговориле дека повремено можат да препознаат дезинформација – 51% за разлика од 35% во 2023 година. Во 2023 г. е повисок и процентот на учесници кои изјавиле дека не можат да препознаат дезинформација – 11% споредено со 8% во 2022 г. Доколку ги разгледуваме кумулативно, може да се констатира дека повисок процент од учесниците во 2022 година изјавиле дека секогаш или понекогаш може да препознаат дезинформација; иако процентот на ученици кои рекле дека секогаш може да препознаат дезинформација е повисок, не може да се каже дека учесниците во анкетното истражување во 2023 г. се чувствуваат генерално поподготвени да препознаат дезинформација.

Запрашани колку често им се случувало да споделат информации кои подоцна се покажале како неточни, 8% од учесниците во 2023 г. и 11% од учесниците од 2022 г. одговориле дека тоа се случува често. Повеќе од половина (53%) од учесниците од 2022 година и 41% од 2023 г. одговориле дека понекогаш им се случува да споделат неточна вест; никогаш ова се нема случено за 33% од учесниците во 2022 г. и 46% за учесниците во 2023 година. Во овој случај учесниците во истражувањето од 2023 г. имаат поголема доверба во своите капацитети да пренесуваат вести што се точни.

# Социо-демографски карактеристики

| | | Број | Процент % |
|---|---|---|---|
| Пол | Машко | 494 | 49.0% |
| | Женско | 506 | 51.0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | 18-24 | 90 | 10.0% |
| | 25-34 | 162 | 16.5% |
| | 35-44 | 175 | 17.4% |
| | 45-54 | 173 | 17.3% |
| | 55-64 | 180 | 17.2% |
| | 65+ | 220 | 21.6% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регион | Вардарски | 80 | 8.0% |
| | Источен | 90 | 9.0% |
| | Југозападен | 83 | 8.0% |
| | Југоисточен | 96 | 10.0% |
| | Пелагониски | 120 | 12.0% |
| | Полошки | 131 | 13.0% |
| | Североисточен | 80 | 8.0% |
| | Скопски | 320 | 32.0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Место на живеење? | Град | 620 | 62.0% |
| | Село | 380 | 38.0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност: | Македонец | 727 | 63.0% |
| | Албанец | 201 | 26.0% |
| | Друго | 72 | 11.0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работен статус на испитаникот? | **Вработен / а со полно работно време** | 492 | 48.6% |
| | **Вработен / а со пола работно време** | 5 | 0.5% |
| | **Невработен / на** | 162 | 17.6% |
| | **Ученик / студент** | 16 | 1.6% |
| | **Пензионер / ка** | 290 | 27.7% |
| | **Домаќин / ка** | 27 | 3.1% |
| | **НЗ / НО (НЕ ЧИТАЈ)** | 8 | 0.8% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Највисоко завршено образование: | **Без образование / незавршено основно образование** | 10 | 1.3% |
| | **Завршено основно образование** | 96 | 10.9% |
| | **Завршено средно образование** | 521 | 51.3% |
| | **Завршено факултет / виша школа** | 309 | 29.9% |
| | **Завршено постдипломски студии, докторат или специјализација** | 53 | 5.5% |
| | **НЗ / НО (НЕ ЧИТАЈ)** | 11 | 1.1% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупен месечен приход во семејството? | **До 18.000 денари** | 136 | 14.5% |
| | **Од 18001 до 30.000 денари** | 238 | 23.8% |
| | **Од 30.001 до 42.0000 денари** | 185 | 18.3% |
| | **Од 42.001 до 60.000 денари** | 146 | 13.9% |
| | **Од 60.001 до 75.000 денари** | 67 | 6.5% |
| | **Над 75.001 денари** | 101 | 9.9% |
| | **НЗ / НО (НЕ ЧИТАЈ)** | 127 | 13.0% |

# Анекс – анкетен прашалник

## Прашалник за практиките на граѓаните за информирањето и нивните перцепции во поглед на транспарентноста на институциите

1. **Од каде најчесто добивате информации за случувањата во државата и во светот? (повеќекратен избор)**

    1. ТВ
    2. Весник
    3. Радио
    4. Социјални медиуми
    5. Time.mk и слични портали (агрегати на вести)
    6. Веб сајтови
    7. Колеги, пријатели роднини
    8. Друго_________________

2. **Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?**

    1. Претпоставувам дека тоа што го читам е веродостојно затоа што е објавено
    2. Не се сомневам бидејќи сè што е објавено на медиумите е точно
    3. Се сомневам во сè што се објавува

### 3. Колку често ги практикувате следните нешта при читањето вести?

| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Го проверувам издавачот/објавувачот на веста | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Проверувам дали е потпишан авторот на текстот | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Се советувам со некој што се разбира | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Проверувам дали и како е пренесена веста во други медиуми | 1 | 2 | 3 | 4 |

### 4. Дали сметате дека вие лично можете да препознаете кога некоја вест е лажна или е дезинформација?

1. Да, секогаш
2. Понекогаш
3. Ретко
4. Не можам
5. Не знам/Нема одговор

### 5. Колку често Ви се случувало да споделите информации за кои подоцна сте откриле дека се неточни?

1. Често
2. Понекогаш
3. Никогаш
4. Не знам/Нема одговор

## 6. Колку следите/следевте информации за следните случаи:

| | Редовно следам и се информирам | Понекогаш следам информации | Ретко следам информации | Никогаш/не ме интересираат |
|---|---|---|---|---|
| Случајот со концесијата на Еуромакс за рудниците „Иловица-Штука“ во Струмичко | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Неодамнешните измени на Кривичниот законик | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Измените на Уставот за вклучување на бугарската заедница во Преамбулата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Потпишувањето на договорот помеѓу Владата и Бехтел-Енка за изградбата на автопати | 1 | 2 | 3 | 4 |

## 7. Какво е вашето мислење за споделувањето информации од страна на надлежните органи за следните случаи:

| | Се споделуваат сите информации | Се споделуваат малку информации | Не се споделуваат информации | Не знам/не следам/нема одговор |
|---|---|---|---|---|
| Случајот со концесијата на Еуромакс за рудниците „Иловица-Штука“ во Струмичко | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Неодамнешните измени на Кривичниот законик | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Измените на Уставот во насока на вклучување на бугарската заедница во Преамбулата | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Потпишувањето на договорот помеѓу Владата и Бехтел-Енка за изградбата на автопати | 1 | 2 | 3 | 4 |

## 8. Информациите што се споделуваат од јавните институции се:

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовни | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Достапни | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јасни | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Разбирливи | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

## 9. Во последните неколку години, колку комуникацијата од јавните институции до граѓаните е базирана на факти:

1. Повеќе е базирана врз факти
2. Помалку е базирана врз факти
3. Не се има променето
4. Не знам/без одговор

## 10. Колку се согласувате или не се согласувате со секое од овие тврдења за Владата:

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Често има изговори за партиските функционери кои се однесуваат несоодветно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Работи отворено и етички | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Ги почитува демократските институции на државата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

## 11. Според вас, колку често пратениците во Собранието...

| | Секогаш | Понекогаш | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Се грижат за граѓаните што ги претставуваат | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Носат закони и политики што се во јавен интерес | 1 | 2 | 3 | 4 |

**12. Ве молам, кажете ни колку се согласувате или не се согласувате со секоја од следните изјави:**

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавното обвинителство редовно започнува постапки по допрен глас | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Обвиненијата покренати од Јавното обвинителство редовно добиваат судска разрешница | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јавноста е информирана за текот на постапките | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**13. На скала од 10-1, каде 1 означува „воопшто немам доверба“, а 10 – „имам целосна доверба“, колкава е Вашата доверба во следните институции:**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Владата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Собранието | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Политичките партии | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Јавното обвинителство | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Судовите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Медиумите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Невладините организации | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Европската Унија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| НАТО | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Обединетите нации | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Локална власт/Општина | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Претседател на РСМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Верските заедници | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Полицијата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Армијата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

## Демографски податоци

**1. Пол:**

1. машки
2. женски

**2. Возраст: _______**

**3. Етничка припадност:**

1. Македонец/Македонка
2. Албанец/Албанка
3. Друга ______________________

**4. Работен статус:**

1. Вработен/а со полно работно време
2. Вработен/а со пола работно време
3. Невработен/а
4. Ученик/студент
5. Пензионер/ка
6. Домаќин/ка

**5. Населено место: _______________________**

**6. Општина: _____________________________**

**7. Највисоко завршено образование:**

1. Без образование/незавршено основно образование
2. Завршено основно образование
3. Завршено средно образование
4. Завршено факултет/ виша школа
5. Завршено постдипломски студии, докторат или специјализација

**8. Вкупен месечен приход во домаќинството:**

1. До 18.000 денари
2. Од 18.001 до 30.000 денари
3. Од 30.001 до 42.000 денари
4. Од 42.001 до 60.000 денари
5. Од 60.001 до 75.000 денари
6. Над 75.001 денари
7. Не знае/ Нема одговор

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти